Земјоделска задруга со ограничена одговорност АГРОПРОИЗВОД увоз-извоз
Бр. 03 – 1
03.01. 2020 год.
с.Рич Струмица

Друштво за градежништво,производство,трговија и услуги СИМ ИНЖЕНЕРИНГ увоз-извоз ДОО
Бр. 03-01/1
03.01. 2020 год.
Струмица

ДОГОВОР

за купопродажба

Склучен на ден 03.01.2020 година помеѓу:

1. **Земјоделска задруга со ограничена одговорност АГРОПРОИЗВОД с.Рич, Струмица**, со седиште на ул. Населено место без уличен систем с.Рич, Струмица, со ЕМБС 5231515 и ЕДБ 4027998119065 застапувано од Овластено лице Зоран Стојков (во понатамошниот текст како **Продавач**) и

2. **Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги увоз-извоз СИМ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица**, со седиште на ул.Ленинова бб ГТЦ-Глобал/ 2кат, Струмица, со ЕМБС 6056997 и ЕДБ 4027005146917 застапувано од Управителот Сашко Брндевски (во понатамошниот текст како **Купувач**)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1.

Предмет на овој Договор е купопродажба на материјал од каменолом Скрка кој се наоѓа во с.Рич, сукцесивно по потреба на Купувачот, а во согласност со спецификацијата - ценовникот кој преставува составен дел на овој Договор.
На цените наведени во ценовникот, на купувачот му се одобрува рабат од 10%.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2.

Вкупната вредност на работите-предмет на овој договор ќе се утврди согласно количината на подигнатиот материјал внесен во испратниците.

НАЧИН И УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3.

Купувачот е согласен плаќањето на количината подигнат материјал да го врши во рок од **30 (триесет) дена** од денот на приемот на фактура.
Договорните страни се согласни доколку испораката на материјалот се врши фазно, рокот за плаќање да важи за секоја испорака одделно, односно од денот на прием на секоја фактура за посебна испорака.

РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 4.

Продавачот има обврска испораката на материјалот предмет на овој договор да го врши сукцесивно за секоја нарачка по налог и потреба од страна на Купувачот.
Испораката се потврдува со оверена испратница од двете договорни страни.

Член 5.

Рокот за испорака на материјалот може да се продолжи во следните случаи:

- Поради виша сила и
- Со согласност на двете договорни страни.

ОБВРСКИ НА ПРОДАВАЧОТ

Член 6.

Продавачот е должен да изврши предавање на материјалот во рамките на договорениот рок по овој договор.

Член 7.

Продавачот одговара за квалитетот на материјалот, дека материјалот ги има потребните карактеристики и специфичности согласно барањето на купувачот.

ОБВРСКИ НА КУПУВАЧОТ

Член 8.

Купувачот е должен да го прими материјалот предмет на овој договор во рамките на договореното по овој договор.

Член 9.

Купувачот е должен да го почитува начинот на плаќање и да го прими материјалот предмет на овој договор.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10.

Договорните страни го склучуваат овој договор со времетраење од 2 (две) години, сметано од денот на склучувањето.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11.

Договорните страни доколку немаат интерес околу реализацијата на овој договор, можат да го раскинат спогодбено и тоа со отказен рок од 30 (триесет) дена сметано од денот на доставено известување до другата страна и еднострано доколку некоја од договорните страни не ги исполнува одредбите од овој договор.

Во тој случај секоја од договорните страни е обврзана да ги исполни своите обврски по овој договор во рамките на договореното.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12.

За се што не е предвидено во овој Договор се применуваат одредбите, Законот за облигационите односи и останатите важечки позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 13.

Договорните страни се согласни сите евентуални спорови да ги решаваат спогодбено, доколку спорот не се реши спогодбено надлежен е Основен суд Струмица.

Член 14.

Измени и дополнувања на одредбите од овој договор се можни само со заемна согласнот на двете договорни страни преку потпишување на Анекс кон овој договор.

Член 15.

Овој договор е составен во 4 (четири) примероци од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

ПРОДАВАЧ	КУПУВАЧ
ЗЗ АГРОПРОИЗВОД	СИМ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО
Овластено лице, Зоран Стојков	Управител, Сашко Брндевски

Ценовник на материјали од сепарација Белотино – Рич

Ред. Бр.	Фракција	ед. мерка	Основна цена
1	0-4 мм	тон	380
2	4-8 мм	тон	380
3	8-16 мм	тон	380
4	16-32 мм	тон	380
5	32-80 мм	тон	380
6	тампон (II класа)	тон	165
7	камен	тон	280
8	тампон (0-60мм)	тон	340

Напомена: Цените на материјалите се франко утоварени - сепарација.
Цените се без вкалкулиран ДДВ.

1. **Транспортни услуги**

1.Транспорт на материјал минимум 15 тон до 20км, ...140 ден/тон. без ДДВ ,а за секој нареден километар се наплаќа 70 ден/km

Агропроизвод Струмица

Датум:21.09.2015 год.

Земјоделска задруга со ограничена одговорност АГРОПРОИЗВОД увоз-извоз с.Рич * Струмица *